**Врз основа на чл. 56 и чл. 65 од Статутот и Одлуката за свикување на Годишно собрание на Друштвото бр. 02 - 69 / 5 од 26. 04. 2016 година, Одборот на доректори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, објавува**

# П О В И К
## за учество на Годишно собрание на Друштвото

**Седницата на Годишно собрание на акционери на Друштвото ќе се одржи на ден 31. Мај 2016 год. /вторник/, со почеток во 13,00 часот, во седиштето на Друштвото, на ул. Индустриска бр.11 Куманово, со следниов предлог на:**

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел**

**1. Избор на претседавач и бројач/и на гласови на Собранието;**
**2. Усвојување на дневен ред.**
**- Записник ќе го води Нотар.**

**Работен дел**

**1. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи, ревизорскиот извештај и годишниот извештај за работа на Друштвото за 2015 година;**
**2. Донесување на одлука за покривање на загубата од работењето на Друштвото за деловната 2015 година;**
**3. Донесување одлука за прекнижување на дел од билансни позиции во акумулирана добивка;**
**4. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото;**
**5. Именување на ревизор за годишна сметка за 2016 година;**
**6. Отповикување на член на Одборот на директори на Друштвото; и**
**7. Избор на нов член на Одборот на директори на Друштвото.**

Вкупниот број на акции со право на глас за учество на Собранието на АГРОКУМАНОВО АД Куманово на денот на објавата на Јавниот повик се **25.554** обични акции.

Се повикуваат акционерите своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Годишно собрание со пријава за учество до Одборот на директорите на АД, лично или преку полномошник.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред.

Акционерите можат да предложат одлука по предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред по писмен пат до Одборот на директорите на Друштвото во рок од 8 дена од денот објавувањето на Јавниот повик.

Материјалите за Собранието и образецот на полномошното се достапни на акционерите во седиштето на Друштвото од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден од 12,00 до 15,00 часот и на интернет страница на Друштвото - **www.agrokumanovo.com.mk.**

**АГРОКУМАНОВО АД Куманово**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**